РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3763/8
07-02-2024/v. (2023)

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 100 -та седница одржана на 06.02.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12-1688/1 од 26.04.2021 година, оформен по допрен глас од медиуми по однос на објавени наводи за тоа кој го уредувал и просторот на некогашната фабрика „Треска" уреден со ДУП „Буњаковец", **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што по однос на утврдените состојби за предметниот случај во постапката за донесувањето на ДУП „Буњаковец", застарени се делата и нема основ за преземање понатамошни дејствија.

По однос на дејствијата, преземени од страна на планерската куќа и овластените планери при планирањето на ДУП „Буњаковец" во 2011-2012 година кој се однесувал на просторот на некогашната фабрика „Треска", ДКСК констатира дека се сторени злоупотреби и свесно прекршување на законските одредби поради што наодите од своето постапување ќе ги достави на надлежно основно јавно обвинителство, заради приклучување на истите кон предметот по кој се постапува, а кој е оформен во обвинителството против лицето инволвирано во случајот.

Предметот со број 12-1688/1 од 26.04.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

ДКСК по заклучок на состанок на колегиум одржан на ден 26.04.2021 година, во Одделението за спречување на корупција оформи предмет по сопствена иницијатива на ДКСК - по допрен глас во врска со наводи за тоа што содржи новиот ДУП за „Треска". Станува збор за ДУП „Буњаковец", кој го уредувал и просторот на некогашната фабрика „Треска", кој можеби било најголемото парче земја во центарот на Скопје кое не било развиено, а кое парче било издвоено од ДУП „Буњаковец" поради идејата на Општина Центар за просторот да распише конкурс и за која локацијата еднаш бил донесен ДУП, изработен од планерската компанија „------------", најмена од претходните раководства во оваа локална самоуправа за да го нацрта деталниот урбанистички план кој до скоро ја опфаќал и фабриката „Треска" во 2012 година, а решението кое се однесувало на земјиштето на поранешната фабрика било да „никнат" 30 нови згради. Предметот е заведен под број 12-1688/1 од 26.04.2021 година.

Во насока на целосно утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара Општина Центар да достави целосна информации со копија од соодветна документација, по однос на Деталниот урбанистички план „Буњаковец", кој го уредува и просторот на некогашната фабрика „Треска" (*односно, да се достави целата папка од донесените планови 2012 за Буњаковец 1 и 2; документација поврзана со изборот на планер за Буњаковец во време на претходниот градоначалник на Општина Центар, како и информација за постапката за планот кој е во изработка но, се уште не е донесен заедно со целокупната документација од остварената комуникација на Комисијата со планерот*). По барањето на ДКСК доставени се потребните информации со прилог документација и од извршениот увид во истите констатирано е следново:

Врз основа на доставена „Граѓанска иницијатива за распишување Архитектонско урбанистички конкурс за локацијата на фабрика ,Треска' " Советот на Општина Центар - Скопје донел Заклучок -------------- од 18.2.2020 година, а Градоначалникот на општината донел Решение за објавување на Заклучок во службениот гласник на општината, ------------------------ од 18.2.2020 година.

По укажување на ДКСК од 15.01.2021 година, Советот на општината донел нов Заклучок за реализација на конкурс за изработка на идејно решение за блок 06 (локација на фабриката „Треска") кое што било дел од ДУП Градска четврт З 11, локалитети Буњаковец 1 и Буњаковец 2, Општина Центар - Скопје со ------------- од 25.2.2021 година, а Градоначалникот на општината донел Решение за објавување на Заклучок во службениот гласник на општината, --------------------- од 25.2.2021 година. За наведената локација, во важност бил единствено деталниот урбанистички план: Изменување и дополнување на ДУП Буњаковец 2, донесен од Советот на Општина Центар - Скопје со Одлука -------------------- од 10.12.2012 година, изработен од Институт за сообраќај и екологија ------------------------.

Во однос на документацијата од донесениот план, која е прилог на одлуката за донесување на Изменување и дополнување на ДУП Буњаковец 2 од 2012 година, општината писмено се обратила до Градскиот архив за обезбедување на потребната документација по што се доставени до ДКСК во електронска форма (ЦД - ром). Документација која е доставена: ----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------.

Во однос на информација за постапката за планот кој е во изработка, ДКСК е известена дека во тек е постапката за изработка и донесување на Детален урбанистички план Градска четврт 3 11- локалитети Буњаковец 1 и Буњаковец 1 во чиј што опфат влегува предметната локација и чиј што изработувач е Институтот за сообраќај и екологија -----------------------. Во врска со оваа постапка се известува дека: „ -Постапката се води во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), каде што е уредено (член 17 став (4) и член 24 став (2)) дека комисијата дава мислење по деталните урбанистички планови

пред утврдувањето на нацртот на деталниот урбанистички план од страна на советот на општината - како што е постапено и во конкретниов случај. Комисијата формирана од Градоначалникот со Решение бр.-------- од 17.7.2014г. издала Мислење бр.--------- од 30.12.2014г. на што планерот дал Одговор со тех.бр.------ од јануари 2015г.; (Во прилог копија од мислењето и одговорот на мислењето од планерот); Нацрт - Детален урбанистички план Градска четврт 3 11 - локалитети Буњаковец 1 и Буњаковец 2 е утврден од Советот на општината со Одлука бр.----- од 17.12.2015г., а Градоначалникот донесе Решение за објавување на одлуката бр.----------- од 18.12.2015г.; (Во прилог копија од одлуката и решението за објавување на одлуката), - По утврдувањето од страна на советот, градоначалникот донесе Решение бр.-------- од 18.12.2015г. и Соопштение бр.--------- од 18.12.2015г. за спроведување на јавна презентација и јавна анкета, како и Решение за продолжување на јавната презентација и јавната анкета бр.---- од 4.1.2016г. и Соопштение за продолжување на јавната презентација и јавната анкета бр.------ од 4.1.2016г. (Во прилог копии од двете решенија, двете соопштенија и копија од синтезниот план од ДУП Градска четврт 3 11 - локалитети Бvњаковец 1 и Бvњаковец 2 објавен на јавната анкета за делот на локацијата н Треска" со соодветните нумерички податоци). - Согласно погоре цитираниот Закон, по завршувањето на јавната анкета се изработува извештај од јавната анкета од страна на стручна комисија формирана од градоначалникот за таа цел, која треба да оцени дали нацртот на планот со прифатените забелешки од јавната анкета претрпел значајни промени што може да резултира со повторно спроведување на јавна презентација и јавна анкета (член 24 став (7) и став (10)). Општината во изминатиот период врши преиспитување на сите детални урбанистички планови кои се во постапка на донесување со цел подобрување на урбанистичките услови и заштита и зголемување на површините кои претставуваат јавен интерес. ДУП Градска четврт 3 11 - локалитети Буњаковец 1 и Буњаковец 2, како еден од тие планови, во повеќе наврати беше разгледуван од страна на комисијата која дава мислења по плановите и беа дадени насоки за подобрување на планското решение, што подразбира дека предметниот план се подготвува за спроведување на повторна јавна презентација и јавна анкета."

Општина Центар, на ден 26.07.2023 година ја известува ДКСК дека е поднесена иницијатива до Уставниот суд што се однесува на постапката за донесување на Изменување и дополнување на ДУП Буњаковец 2, поради што ја бара да и се врати оригиналниот документ - папка Изменување и дополнување на ДУП & Буњаковец 2, по што истата е враена на Општината.( *иницијативата до Уставен била поднесена од адвокаткката ---------- ----------- и граѓанската иницијатива ----- --- --------, во која стоело дека ДУП Буњаковец 2 е во спротивност со генералниот урбанистички план).*

На 13.10.2023 година, по барање на ДКСК, доставена е и дополнителна документација во електронска форна (ЦД) со известување дека постапката за донесување на Изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план Буњаковец 2, донесен од Советот на Општина Центар - Скопје со Одлука бр.------------ од 10Л2.2012 година е спроведена како скратена односно, во една фаза како предлог-план (без нацрт-план), согласно член 17 и член 24-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11 и 53/11) и во согласност со Програмата за дополнување на Програмата за урбано планирање „Ф" на Општина Центар за 2011 година бр.07-1193/2 од 18.03.2011г.

Од погоре констатираното, ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

Постои сомение за злоупотреба на службена положба од овластените планери на ---------- кои како одговорни лица овластени за изготвување на Детален урбанистички план, свесно ги прекршиле законските одредби со намера за себе да прибават корист од новиот детален урбанистички план. Делото го сториле при изготвување на планот на ДУП Буњаковец во 2011-2012 година но, последицата (користа што ја прибавуваат поради незаконското планирање) настапува во 2020 година.

Планерската фирма ---------- и овластените планери во периодот 2011-2012 година, иако според законските прописи најнапред треба да биде изготвена и одобрена програма за урбано планирање, тие изготвиле Нацрт план, кој го доставиле до општина Центар на 12.12.2011 година односно, пред да биде одобрена Програмата за дополнување на програмата за урбано планирање „Ф" на општина Центар за 2012 година број ----------- од 30.12.2011 година. Дополнително, согласно документацијата произлегува дека предлог Деталниот урбанистички план, го изготвувале врз основа на геодетскиот елаборат за ажурирана геодетска подлога кој иако е од февруари 2011, бил доставен во ноември 2011 година и останува отворено прашањето на која геодетска подлога го проектирале планот. Најголемата повреда која ја направиле проектантите е што проектирале ДУП кој бил спротивен со ГУП.

За изготвување на ДУП Буњаковец планерската фирма ---------- била платена од буџетските средства на општината. Во списите на предметот никаде не фигурира дека бил пријавен судир на интереси од страна на проектантската фирма или лица вработени во неа. По донесување на ДУП-от, некаде во 2017 година од страна на општина Центар е стопиран истиот поради негова несогласност со ГУП и другите законски прописи.

Во 2019 година во сопственичката структура на планерската компанија ---------- на индиректен начин влегува лицето ----------- ---------------, кој се води како сопственик на десетици парцели на земјиштето кај поранешната фабрика „Треска". Имено, меѓу сопствениците на планерската компанија „--------" е градежната компанија „------" од Охрид, а меѓу сопствениците на „--------", пак, е фирмата „----------", каде токму во 2019 година како сопственик влегува лицето ----------- ---------------,, а негов партнер е лицето е ------- -----------. Во 2020 година пак во сопственичката структура на -----------Скопје влегува компанијата ТДПТУ „-----------------------" од Охрид, со што се формализираат бизнис релациите меѓу планерот на ДУП, сопственик на парцели и градежна компанија.

Во 2020 исто така во сопственичката структура на фирмата „---------" (инаку косопственик на „---------") влегува фирмата „------------" (каде што косопственик е ---------- ---------------,). Со тоа и газдата на парцели кај „Треска" и градежни фирми, кои потенцијално би граделе на локацијата, го завршуваат влезот во компанијата која до февруари 2020 добивала пари од Општината за да го планира и тој простор. Според тоа прекршувањата на законските одредби при планирањето на ДУП од страна на планерската фирма ----------- биле со цел подоцна, откако ќе се создадат услови, планерската фирма да остварува корист од градби кои ќе се градат врз основа на параметрите кои токму тие ги испланирале.

ДКСК, при своето надлежно постапување дојде до сознание дека за лицето ----------- ---------------, на кое име и презиме се водат десетици парцели на предметната локација, а кое земјиште било вратено со денационализација на семејството --------------- од Скопје, бил отворен предмет во надлежно основно јавно обвинителство, по однос на сопственоста на предметното земјиште кај „Треска", која постапка е во тек и не е донесена јавнообвинителска одлука.

Од вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека по однос на утврдените состојби за предметниот случај во постапката за донесувањето на ДУП „Буњаковец", застарени се делата и ДКСК нема основ да преземе понатамошни дејствија - настапена е апсолутна застареност поради промената на законските одредби кои се однесуваат на кривичната постапка. По однос на дејствијата кои се преземени од страна на планерската куќа и овластените планери при планирањето на ДУП „Буњаковец" во 2011-2012 година кој се однесувал на просторот на некогашната фабрика „Треска", ДКСК констатира дека се сторени злоупотреби и свесно прекршување на законските одредби со намера за себе да се прибави корист. Од причина што овие состојби и констатирани дејствија се однесуваат на лица кои не се службени лица од член 8 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси односно, истите претставуваат незаконити или недозволиви дејствија кои не се однесуваат на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, како и имајќи предвид дека за предметниот случај постапува друг надлежен орган пред кој постапката е во тек, ДКСК ќе ги достави наодите од своето постапување на надлежно основно јавно обвинителство, заради приклучување на истите кон предметот по кој се постапува, оформен против лицето инволвирано во случајот, -----------.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: Б.И.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk